**претходно соопштение**

**УДК: 81’27**

# ПЛУРИЛИНГВИЗМОТ – НОВО ЛИЦЕ НА ЈАЗИЧНИОТ И КУЛТУРНИОТ ИДЕНТИТЕТ

**Христина Андоновска**

*Институт за македонски јазик „Крсте Петков-Мисирков“, Скопје, Македонија*

**Keywords:** plurilingualism, international acts, linguistic rights, linguistic policies

**Summary:** Conditioned by the accelerated processes of globalization and homogenization, as a serious threat to the linguistic and cultural diversity in the world, the affirmation of plurilingualism is becoming a priority. Namely, plurilingualism is turning into a strategic determination of global and European linguistic policies, which has resulted into the adoption of various international acts regulating this socio-linguistic occurrence. Firstly, this paper will consider the essential determinations of several international acts, such as the *Universal Declaration of Linguistic Rights* (1996), the *European Charter for Regional or Minority Languages* (1992), and the *European Charter on Plurilingualism* (2005), which open horizons for a linguistic coexistence and peace in the world, and in Europe, in terms of the recognition of the rights of each linguistic community to realize itself through its own language in various areas of life.

**Клучни зборови:** плурилингвизам, меѓународни акти, јазични права, јазични политики

**Апстракт:** Во услови на засилен процес на глобализација и хомогенизација – како сериозна закана за јазичната и културната разновидност во светот – афирмацијата на плурилингвизмот прераснува во приоритет. Плурилингвизмот станува стратешка определба на светската и на европската јазична политика, што доведува до донесување на разновидни меѓународни акти за регулирање на оваа социолингвистичка појава.
Ќе направиме осврт на суштествените определби на неколку меѓународни акти, како што се *Светската декларација за јазичните права* (1996), *Европската повелба за регионалните или малцинските јазици* (1992) и *Европската повелба за плурилингвизмот* (2005), кои отвораат хоризонти за јазична коегзистенција и јазичен мир во светот и во Европа со тоа што се признава правото на секоја јазична заедница да се реализира преку сопствениот јазик во најразлични области од животот.

Во современата социолингвистика – за да се опише една хетерогена јазична ситуација – паралелно се употребуваат следните два термина,

и тоа: **плурилингвизам**, од една страна, и **мултилингвизам,** од друга страна. Меѓутоа, постои тенденција за правење разлика меѓу овие два синонима. Така, Клод Тришо во своето дело „Европскиот плурилингвизам“[1] препорачува употреба на терминот *плурилингвизам* за да се опише ситуација на соживот на јазици и на постоење на повеќе јазични заедници во конкретен простор, додека терминот *мултилингвизам* се употребува за да се опише ситуација на познавање и употреба на повеќе јазици од страна на една индивидуа.

Во овој труд се приклонуваме кон ваквата терминолошка дистинкција и се определуваме за терминот *плурилингвизам* како дефиниција за комплексна, хетерогена социолингвистичка појава на соживот на два или на повеќе јазици и(ли) јазични заедници во рамките на еден конкретен простор (регион, држава и сл.). Исто така, плурилингвизмот имплицира не само јазична разновидност туку и културна разновидност, односно навлегува во доменот на мултикултурализмот (т.е. плурикултурализмот). На пример, во *Конвенцијата на УНЕСКО за заштита и унапредување на разновидноста во културните изразувања* се вели дека јазичната разновидност претставува основен елемент на културната разновидност. Всушност, јазикот е израз на културната специфичност и преку него се обезбедува континуитет на културата на заедницата. Со оглед на тоа што јазикот – како универзален систем на знаци и како средство за комуникација – претставува и едно од најзначајните обележја на идентитетот, јазичната разновидност, односно плурилингвизмот, се доживуваат како ново лице на јазичниот и на културниот идентитет денес.

Во услови на засилен процес на глобализација и хомогенизација – како сериозна закана за јазичната и културната разновидност во светот – афирмацијата на плурилингвизмот прераснува во приоритет. Всушност, плурилингвизмот станува стратешка определба на светската и на европската јазична политика, што доведува до појава на меѓународни нормативноправни акти за регулирање на оваа социолингвистичка појава. Така, правото на употреба на мајчинот јазик се дефинира како едно од основните човекови права, додека правото на образование на мајчин јазик, правото на информирање на мајчин јазик (т.е. медиуми на мајчин јазик), како и правото на користење на мајчиниот јазик во јавната и во службената комуникација – се сметаат за основни јазични и културни права.

[1] Claude Truchot, *Le plurilinguisme européen.* Théories et pratiques en politique linguistique (Paris: Éditions Champion-Slatkine, 1994).

Исто така, прашањето за употребата на јазикот во услови на јазична и на културна разновидност се поставува првенствено како политичко прашање. Можноста за употреба на мајчиниот јазик, од една страна, се доживува како афирмација на политичките права и како општествена промоција на заедницата што претставува малцинство во одредена средина. Од друга страна, принудната употреба на официјалниот јазик, односно на мнозинскиот јазик се доживува како ограничување на политичките права, при што заедницата што претставува малцинство се чувствува политички обесправена. За да се овозможи интеграција на заедниците во едно мултикултурно општество, односно да се постигне мирен соживот и заедништво на различни културни идентитети, се наложува потребата од воспоставување јазична правда, односно од почитување на јазичните права на заедниците, во согласност со постоечката меѓународноправна регулатива.

Од повеќето меѓународноправни инструменти што се однесуваат на регулирањето на јазичните права во услови на јазична и културна разновидност, како основни и значајни ги издвојуваме: *Светската декларација за јазичните права* (1996), *Европската повелба за регионалните или малцинските јазици* (1992) и *Европската повелба за плурилингвизмот* (2005), при што ќе се задржиме на нивните клучни определби.

*Светската декларација за јазичните права* претставува важен чекор во борбата за сочувување на јазичната и културната разновидност во светот, односно за постигнување еднаквост меѓу јазиците и културите на народите во светот. Оваа декларација отвора хоризонт за јазична коегзистенција и јазичен мир во светот благодарение на признавањето на правото на секоја јазична заедница да се реализира преку сопствениот јазик во најразлични области од животот. Поточно, според членот 42 од *Декларацијата*, „секоја јазична заедница има право на сестран развој во доменот на сопствената култура". Со тоа би се создале предуслови за надминување на јазичната нерамнотежа во светот, со цел обезбедување меѓусебна почит и сестрана реализација на јазиците, како и воспоставување праведен јазичен мир во светот, како темел на општествената коегзистенција. Всушност, јазичната толеранција е нужност за надминување на омаловажувањата и негирањата на јазиците врз различни основи.

Во основата на *Декларацијата* лежи принципот за еднаквост на сите народи, јазици и култури, при што спецификите на народите (економски, социјални, религиозни, културни, демографски итн.), како и спецификите на јазиците, не смеат да бидат оправдување за каков и да е облик на дискриминација. Токму затоа во членот 10, точка 1, од

*Декларацијата* стои дека „сите јазични заедници се еднакви во своите права“, додека во точка 2 од истиот член се нагласува дека „*Декларацијата* ја смета за недопустлива секоја дискриминација на една јазична заедница врз основа на нејзиниот степен на политичка сувереност, на нејзината социјална положба, економска положба или друго, или пак врз основа на нивото на кодификација, актуализација или модернизација што го има достигнато нејзиниот јазик“.

Уште понагласено, во членот 9 од *Декларацијата* се вели: „Секоја заедница има право да го кодицифира, да го стандардизира, да го чува и да го развива, како и да го афирмира својот јазичен систем, без наметнати или присилни влијанија“.

*Европската повелба за регионалните или малцинските јазици* (1992), исто така, се однесува на проблематиката на јазичните права во мултиетнички и мултикултурен контекст – но во европски рамки. Во неа се истакнува дека „правото на користење на регионалните или малцинските јазици во приватниот и јавниот живот претставува неотуѓиво право“, во согласност со принципите на Меѓународниот пакт на Обединетите нации за граѓанските и политичките права, како и во духот на Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на човековите права и на основните слободи. Според оваа повелба, „заштитата и поттикнувањето на регионалните или малцинските јазици не треба да бидат на штета на официјалните јазици и на потребата тие да се научат“, односно „заштитата и унапредувањето на малцинските или регионалните јазици во одделни земји и региони на Европа претставуваат значаен придонес кон изградбата на Европа – заснована врз принципите на демократијата и на културната разновидност во рамките на државниот суверенитет и територијалниот интегритет“.

Со други зборови, промовирањето на јазичната и на културната разновидност, односно на плурилингвизмот, претставува официјална и стратешка цел на Европската Унија. Така, во членот 22 од *Европската повелба за плурилингвизмот* (2005) се вели дека „Унијата ја почитува културната, религиозната и јазичната разновидност“, додека во членот 41 од истата повелба се нагласува дека „секое лице може да се обрати во институциите на Европската Унија на еден од јазиците на договорите и треба да добие одговор на истиот јазик“. Плурилингвизмот, всушност, овозможува афирмирање на националниот идентитет на секоја земја-членка на ЕУ, но и создавање заеднички европски идентитет – заснован врз јазичната и културната разновидност. Оттука, плурилингвизмот претставува типично обележје на европскиот јазичен и културен идентитет.

Сепак, спроведувањето на овие меѓународноправни акти во практиката претставува комплексен и повеќедимензионален процес и во голема мера зависи од геоисторискиот, геокултурниот и геополитичкиот контекст, односно од историското минато, од традицијата, од општествено-политичката и економската состојба, како и од актуелната надворешна политика – на државата, на регионот и пошироко.

Оттука, може да се зборува за постоење на различни модели на јазични политики, на пример, асимилациски модел, диференцијален модел или мултикултурен модел. Асимилацискиот модел на јазична политика поаѓа од идејата за монолингвизам и има за цел воспоставување јазична хомогенизација на општеството, со што се оневозможува опстојувањето на неофицијалните јазици на малцинствата. Диференцијалниот модел, исто така, како појдовна точка го има монолингвизмот, но ги исклучува или ги ограничува јазичните права на малцинствата во јавната сфера. Мултикултурниот модел на јазична политика, пак, има за цел политичка поделба на моќта и подеднакво учество на јазичните малцинства во општествениот живот. Овој модел овозможува зачувување на јазичната и на културната разновидност, продлабочување на меѓусебното разбирање, зацврстување на демократското граѓанско општество, како и одржување на општествената кохезија. Всушност, мултикултурниот модел на јазична политика создава погодна почва за плурилингвизмот – како ново лице на јазичниот и културниот идентитет, и придонесува за надминување на „цивилизацискиот шок“ и на разновидните форми на политичка, економска и културна хегемонија.

Со оглед на тоа што овој модел не се реализира насекаде на подеднаков начин, може да се зборува за постоење на толку мултикултурни модели на јазична политика колку што има мултикултурни држави, односно секоја држава води сопствена јазична политика и формира соодветни институции за признавање на јазичните права. Всушност, мултикултурната држава го прилагодува својот државно-правен идентитет кон културните разлики и ги гарантира правата што овозможуваат изразување на културно-етничкиот идентитет (т.н. идентитетски права), меѓу кои јазичните права заземаат значајно место. Гарантирањето на јазичните права во јавната сфера (образованието, правосудството, администрацијата, медиумите) придонесува за градење поправедно мултикултурно општество, како и за намалување на тензиите и конфликтите меѓу заедниците, додека загрозувањето на јазичните права претставува

закана и опасност за јазичниот и културниот идентитет и опстанок на заедниците.

Токму затоа, гарантирањето на јазичните права во мултикултурен контекст претставува императив за јазичната коегзистенција и толеранција, односно за јазичниот мир на културно-етничките заедници во светот.

**Литература:**

Calvet, Jean-Louis.1987. *La guerre des langues et les politiques linguistiques*. Paris, Payot.

Heller, Monica. 2008. *Repenser le plurilinguisme: langue, postnationalisme et la nouvelle économie mondialisée*. http://www.erudit.org/revue/du/2008/v/ndu2547/019567ar.pdf

Kymlicka, Will. 2003. *Multikulturalno građanstvo.* Zagreb, Naklada Jesenski i Turk.

Lošonc, Alpar.2002. *Bukvar multikulturalnosti*. Novi Sad, Centar za multikulturalnost.

Semprini, Andrea.1999. *Multikulturalizam*. Beograd, Clio.

Truchot, Claude.1994. *Le plurilinguisme européen*. *Théories et pratiques en politique linguistique.* Paris, Éditions Champion-Slatkine.